ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на водоснбдителен систем со нова пумпена станица, цевковод и резервоар за формирање на хидраулична висока зона во урбаниот дел на Општина Ѓорче Петров на потегот од населеното место Хром до Општина Сарај.
- Реконструкција на спортската сала Ѓорче Петров која е лоцирана во рамки на СОУ Кочо Рацин со изградба на трибински простор од 4000 гледачи и со целосна придружна инфраструктура за одржување на меѓународни спортски натпревари од висок натпреварувачки ранг.
- Кружен тек на крстосницата помеѓу бул. „Ѓорче Петров" и улица „Македонска војска".
- Кружен тек на крстоцницата помеѓу улиците „Васил Чакаларов" и „Ангел Динев" во населеното место Хром, на границата помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Карпош.
- Изработка на проектно решение за втор влез во населеното место Даме Груев и директно поврзување на руралниот дел од Општина Ѓорче Петров со Општина Карпош
- Изградба на центар за третман на улични бездомни кучиња со амбулантски пристап и изградба на ветеринарна амбуланта за грижа на бездомни животни.
- Поврзување на пешачката патека на насип со кејот на Вардар во Карпош.
- Изградба на полигон за обука и полагање на возачки испит во населеното место Јурија.

# ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ИСТОРИСКИ БУКВАР ПАМЕТНИК

Жителите на Ѓорче Петров се горди паметници на НОБ. Во мандатот 2025-2029 година ќе се иницира постапка за измена на називи на улици кои се обележани само нумеролошки, односно со броеви. Овие називи на улици ќе бидат заменети со имињата на хероите од НОБ кои учествувале во ослободувањето Ѓорче Петров: Трајан Јанковски од Волково, Бошко Маневски од Волково, Крсто Петрушев од Волково, Митре Димовски од Кучково, Ѓорѓи Крстевски од Кучково, Миломир Крстевски од Кучково, Величко Смилчевски од Кучково, Ангел Маневски од Ново Село и Богоја Стевковски од Ново Село ќе бидат имиња на улици во Волково, Кучково и Ново Село.

Во 2026 година ќе се изгради спомен куќа на загинатите бранители од конфликтот од 2001 година. Општината ќе преставува историски паметник на илинденскиот период, НОБ и столб на достојно почитување на заборавените бранители од конфликтот од 2001 година.

# ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Левица во мандатот 2025 - 2029 година како приоритет ќе постави реализирање на капитален проект за изградба на нова пумпена станица за питка вода, магистрален цевковод и нов резервоар, со цел решавање на деценискиот проблем со водоснабдувањето на жителите на општина Ѓорче Петров. Со овој капитален проект ќе се реши проблемот со притисокот на вода во ниската зона на потег од населеното место Хром до границата на Општина Ѓорче Петров со Општина Сарај по должина на булеварот „Ѓорче Петров“.

Бидејќи капиталниот проект ќе се реализира во временски период од три до четири години колективните станбени згради ќе добијат субвенции за поставување на хидрофорски системи со што ќе се санира проблемот со нискиот притисок за погорните катови во зградите.

- Во **Волково** уште во првата година од четиригодишниот мандат ќе се реши проблемот со одведување на отпадните води при што на изоставениот крак на улица 60 ќе се постави канализациона мрежа и техничко решение со мини препумпна станица за одведување на отпадните води.
- Во населеното место **Ново Село** ќе се изгради канализациона мрежа за поврзување на новоизградените згради со што истите ќе престанат да функционираат на септички јами.
- Во населеното место **Даме Груев** во првите две години од мандатот ќе се одвои атмосферската од фекална канализација со што ќе се реши проблемот со атмосферкста канализација при појава на поројни дождови.
- Во населеното место **Кисела Јабука** ќе се реализира проект за поставување на атмосверска канализација со цел решавање на проблемот со изливање на атмосверските води при појава на поројни дождови.
- За населеното место **Никиштани** ќе се изготви проект за поставување на фекална канализација.
- За **Кучково** ќе се изготви проектно решение со пумпена станица и резервоар како крак на водоснабдителниот систем во Волково.
- Зголемување на средствата во буџетот за борба против загадувањето на воздухот и почвата.



# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Целокупното улично осветлување ќе биде со лед светилки и ќе се воведе електронски систем за „димирање“ со што во одредени временски интервали ќе се врши намалување на осветлувањето. Намалувањето на осветлувањето ќе се регулира со електронски опсег од 30 до 60%.
- Во основните училишта во општината и во детските градинки ќе се постават кровни фотоволтаични системи за сопствено производство на електрична енергија.
- 50% субвенционирање на колективни станбени единици за обновување на фасади со енергетска ефикасност на згради кои се постари од 25 години.
- Поставување на енергетски ефикасни фасади на училишните згради на општинските основни училишта.
- Општината ќе направи студија и изготви проект за изградба на мала фотоволтаична централа со номинална моќност до 1MW со кој на слободниот пазар на електрична енергија овој прозводствен капацитет ќе може да компензира од потребите на трошоците за електрична енергија за осветлување и за потребите на училиштата, градинките и објектите кои се во надлежност на општината.

# ЕКОЛОГИЈА И ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Набавка на две цистерни за вода со прскалки за миење на улиците.
- Зголемување на бројот на комунални инспектори и инспектори од областа на животната средина со цел вршење редовни контроли за спречување на депонирање на кабаст отпад.
- Набавка на дронови за висинско снимање со цел полесно да се лоцираат загадувачите и лица кои неодговорно депонираат кабаст отпад.
- Левица преку својата пратеничка група ќе иницира низа измени на законски решенија со цел да се овозможи формирање на општинска комунална полиција со целосна ингеренција и надлежности на општината.
- Зелен катастар со позиционирање на еколошки црни точки кои ќе бидат законски но и циклично третирани се со цел да се намали бројот на поединечни загадувачи на воздухот и почвата.



# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ВО МОЈАТА ОПШТИНА

- Платена пракса од општествените и техничките науки во општинската администрација за студентите кои живеат на територија на Општина Ѓорче Петров а студираат на некој државен факултет.
- За секоја новоотворена фирма во општината, од лице на возраст до 30 години, ќе се доделуваат субвенции од 2000 до 3000 евра со услов фирмата да опстои минимум пет години. Доколку фирмата биде затворена пред истекот на петте години примателот ќе биде обврзан да ги врати парите во општинскиот буџет. За секој вработен во новоотворените компании кој што е помлад од 30 години и со место на живеење во општината, а ќе работи без прекини една година, општината ќе му исплати додаток од 600 евра на крајот од фискалната година лично на вработениот. Оваа мерка ќе важи за првите три години по вработувањето на лице помладо од 30 години со постојано место на живеење на територија на Општина Ѓорче Петров.
- За секое новородено дете од буџетот на Општина Ѓорче Петров ќе се издвои парична помош во вредност од 200 евра.
- Општина Ѓорче Петров ќе финансира автомобилско седиште за возило за секое новоредено дете.
- Општина Ѓорче Петров во рамките на новата општинска административна зграда ќе оформи општински социјален центар за помош на ранливи категории на граѓани. Овој центар ќе се грижи за бездомни лица, граѓани со финансиски проблеми од аспект на стручно советување и помош во изнаоѓање на соодветна работа, за невработени лица, реализирање на програми за самохрани родители, стари лица кои живеат сами и помош на лица кои преживеале семејно насилство.

# СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- Во период од 2025 до 2029 година општината од финансиски аспект ќе врши помагање на професионалниот екипен и поединечен спорт, но и ќе создава услови за развој на рекреативниот и училишниот спорт.
- Спортски клубски симболи на општина Ѓорче Петров се ФК Македонија Ѓорче Петров 1932, ЖРК Ѓорче Петров и МРК Ѓорче Петров. Овие три спортски колективи ќе преставуваат основен приоритет на општината во логистичко и финансиско помагање. Исто така во четиригодишниот мандат општината ќе финансира и поединечни спортски успеси по точно дефинирани мерливи критериуми.

# СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- Општината ќе ги помага финансиски сите традиционални спортски турнири во групни и поединечни спортови.
- Во периодот од 2025 до 2029 година во општина Ѓорче Петров во сите екипни и поединечни спортови ќе се организираат училишни спортски лиги за различни возрасти, почнувајќи од шесто до деветто одделение. Во овие училишни лиги ќе земат учество сите основни училишта од Општина Ѓорче Петров.
- Реконструкција на сите отворени спортски игралишта во училиштата и надвор од нив и ќе се изврши целосно осовременување на пешачката патека на популарно наречениот „насип“. Овој простор ќе добие форма на кеј и ќе биде поврзан со спортскиот центар во Сарај и со делот од кејот на Вардар во Општина Карпош.



# Е- ОПШТИНА

- Целосен on-line пристап до сите општински услуги, со проток на документација без користење на класичен шалтерски систем.
- Директно пренесување на седниците на совет, со целосно дигитализиран и јавно објавен начин на гласање на сите советници по однос на точките на дневен ред.
- Реализирање на проект „твој административец“.
- Зголемување на пристапот на граѓаните до јавните анкети и нивното изложување.
- Транаспарентност на постапките за јавни набавки преку целосен on line пристап на граѓаните до постапките за јавни набавки во реално време.
- Обележување на возилата на општината со посебни GPRS маркери за следење во реално време.

# ПАРК ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

- Во паркот Ѓорче Петров потребно е да се постават неколку едукативни и содржини за рекреација.
- Реставрација на спомен плочата од НОБ - во првите 6 месеци од мандатот.
- Историско катче кое ќе ја раскажува историката вистина за Ѓорче Петров, Илинденеците и АСНОМ како основен темел на македонската современа држава.
- Пензионерско катче со табли за играње на шах.
- Бесплатна WI-FI зона веднаш по преземањето на власта во општината.
- Поставување на отворена библиотека која ќе функционира по принципот остави книга – земи книга.
- Возот Пампурче симбол на Општина Ѓорче Петров ќе се реставрира и технички ќе се заштити со задржување на автентичниот лик. Во паркот ќе се постави катче Пампурче со поучен историски материјал кој ќе ги едуцира жителите за улогата и значењето на вовчето за општината.

# СТОП ЗА УРБАНИСТИЧКА МАФИЈА

- Прогласување на мораториум за издвање на градежни дозволи за објекти повисоки од три ката. По донесувањето на ГУП на град Скопје во интерес на хуманото живеење Левица ќе ги ревидира сите ДУП кои се изготвени спротивно на условите за хумана општина. Левица се обврзува да направи ревизија и да го поништи спорниот ДУП СЗ 16. Потенцијално најзагрозено населено место е Хром и за ова населено место ќе се изготви посебен урбанистички правилник за спречување на издавање на градежни дозволи за градење на згради повисоки од три ката.
- Згради за колективно домување повисоки од три ката ќе може да гради само ЈП ССДП со обврзувачка клаузула станбените единици да не може да се продаваат по цена повисока од 850 евра за 1 $m^2$.
- Интервенција во законските решенија со што ќе се анулира главното финансирање на општината да биде комуналии за градба. Левица законски ќе интервенира во зголемување на ставката на оданочување на луксуз и непродадени станови на фирмите кои неконтролирано градат згради.



# ТРЕТМАН НА УЛИЧНИ, БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ

- Во мандат од 4 години во Општина Ѓорче Петров ќе се изгради прифатен центар за бездомни животни кои ќе се третираат хумано и амбулатнски. Во склоп на центарот ќе се изгради ветеринарна амбуланта за бездомните животни со посебен осврт на бездомните кучиња.

# ПРОЕКТИ ПО НАСЕЛЕНИ МЕСТА:

## Населено место ХРОМ

- Во Хром ќе се реализира проект на ниво на град Скопје за изградба на кружен тек на влезот во Хром на границата помеѓи Општина Ѓорче Петров и Општина Карпош. Во Хром ќе се прогласи мораториум за издавање на градежни дозволи за изградба на колективни станбени згради.
- Во соработка со град Скопје ќе се разгледа можноста замена на зградите на СОУ Кочо Рацин и ООУ Димитар Поп Георгиев Беровски. Во сегашната зграда на СОУ Кочо Рацин ќе учат основците од Димитар Поп Георгиев Беровски од двете училишни згради (училиштето на улица Ѓуро Салај и учениците од подрачното училиште од Хром ) а учениците од СОУ Кочо Рацин да се префрлат во зградата на сегашното ООУ Димитар Поп Георгиев Беровски на улица Ѓуро Салај.
- Подрачното основно училиште Димитар Поп Георгиев Беровски ќе се пренамени да биде детска градинка за згрижување на не повеќе од 200 деца во преучилишна возраст.
- Пешачката патека на кејот на реката Вардар ќе се продолжи и целосно ќе се поврзе со кејот на Вардар во Влае, Општина Карпош.

## Населено место ДАМЕ ГРУЕВ

- Изградба на катна гаража и успорување на сообраќајот по главната улица со цел да се зголеми безбедноста на учесниците во сообраќајот.
- Во соработка со град Скопје ќе се изработи сообраќајно решение со проект за втор влез во населбата и поврзување на тој дел од општината со Општина Карпош.
- На улиците „Николај Островски“, „Бертранд Расел“, „Моцартова“, „Пелинце“ и „Антон Чехов“ ќе се реализира проект за поставување на нова атмосферска канализација и целосно ново асфалтирање.

## Населено место ЈУРИЈА

- Во населеното место Јурија веднаш до булеварот Ѓорче Петров ќе се изгради сообраќаен полигон за обука за возчки испит но и за практична едукација на ученици од основните училишта за безбедноста во сообраќајот.

## ПРОЕКТИ ПОДЕЛЕНИ ПО НАСЕЛБИ:

### Населено место Ѓорче Петров

- Старата општинска зграда ќе се пренамени во детска градинка. Левица ќе направи ревизија на отуѓувањето на имотот на старата општинска зграда и истата ќе ја пренамени во објект за згрижување на деца од предучилишна возраст. Со ова и со пренамена на подрачното општинско училиште Димитар Поп Георгиев Беровски ќе се отворат две детски градинки преку искористување на веќе постојни објекти.
- Спортската сала во средното училиште Кочо Рацин ќе се осовремени со зголемување на трибинскиот простор до 4000 гледачи и целосно ќе се изгради придружна инфраструктура.
- Изградба на кружен тек на улица „Ѓорче Петров" со улица „Македонска војска".
- Реконструкција на улиците „Вера Циривири - Трена", „Никола Вукмировиќ" и „Ѓуро Салај"
- Реконструкција на краците на улицата „Алексо Демниевски" со дефинирање на подземната инфраструктура. На крајот на улица Алексо Демниевски, крак 29 во делот кон насипот, ќе се изгради модерен детски парк со содржини за рекреација и забава на најмладите.

### Населено место Ново Село

- Решавање на проблемот со водоводната мрежа, со фекалната и со атмосферската канализација.
- Поплочување на сите тротоарски површини.
- Изградба на мини рекреативен центар.

### Населено место Дексион

- Реконструкција на улиците „Александар Македонски", „Андреј Зограф", „Жеденска" и „Црногорска".
- Ревизија на реконструкцијата улицата „Радушка" во однос на дебелината на асвалтната површина и тампонирањето и ќе се направи повторно стручно довршување по целата должина на улицата.

### Населено место Кисела Јабука

- Решавање на проблемот со атмосферските води.
- Асфалтирање на улиците во Кисела Јабука.

### Населено место Александрија

- Изградба на паркови за рекреација.
- Изградба на паркови за деца.

### Населено место Никиштани

- Изготвување и изведба на проект за канализациона мрежа. Овој пректе потребно да го опфати целото населено место Никиштани со прибирање на фекалните води во примарната канализациона фекална мрежа.
- По изведба на канализациона мрежа ќе се асфалтираат главната и приклучните улички во Никиштани.

# ПРОЕКТИ ПОДЕЛЕНИ ПО НАСЕЛБИ:

## Населено место Кучково

- Кучково преставува култно место во Општина Ѓорче Петров и истото во мандат од четири години ќе биде претворено во општински туристички центар. Покрај рекреативните содржини на областа наречена Крст ќе се иницира и одржување на манифестации на отворено. Ќе се организира гитаријада, извиднички кампови, изложби на кучиња, проектирање на историски филмови на отворено и поединечни спортски манифестации.
- Изградба на Спомен куќа во чест на бранителите од конфликтот од 2001 година
- Решавање на проблемот со водоснабдување согласно со законските прописи. Основа за трајно решавање на проблемот со водоснабдување на Кучково е во првичното решавање на водоснабдувањето во ниската зона во Ѓорче Петров и изведба на нов проект за каскадно водоснабдување на населеното место Кучково, како водоснабдителен крак од Волково, со препумпна станица и резервоар за вода.




# ЛЕВИЦА

## ЗА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija